**Меѓународен театарски институт (ITI)**

**Светска организација за изведувачки уметности**

**Порака по повод Меѓународниот ден на танцот**

**2026 – 29 април**

**Автор на пораката: Кристал Пајт, Канада (Кореографка)**

## Порака за Меѓународниот ден на танцот 2026

Луѓето се движат, нашите раце се подаваат, колената ни попуштаат, главите ни се наведнуваат, градите ни се вовлекуваат, грбот ни се извива, скокаме, слегнуваме со рамениците, ги стегаме тупаниците, се подигнуваме едни со други и се оттурнуваме. Ова е јазик исто толку колку што е и дејство. Ова е она што телото има да го каже за потребата, поразот, храброста, очајот, желбата, радоста, амбивалентноста, фрустрацијата, љубовта. Овие слики блескаат со значења во умот затоа што сме ги почувствувале толку чисто, во телото ние сме биле допрени, раздвижени.

Сите ние сме танчери. Животот нѐ движи; животот танцува преку нас; ефемерен како здивот, конкретен како коската, танцот е создаден од нас; ние го обликуваме просторот. Пишуваме со телото на беззборен јазик кој длабоко се разбира. Кога танцуваме, му даваме благородност и благост на просторот во нас и околу нас.

Како и животот, танцот се создава и се разградува во секој миг. Како љубовта, тој е надвор од разумот.

Сакам да мислам на телото како на локација; место каде што постоењето се задржува и се обликува. Кога танцуваме, ние сме длабоко ангажирани во самото „да се биде“ таму.

Ова го пишувам во почетокот на 2026 година, во време кога изгледа дека нема крај на угнетувањето, превирањата и страдањето во светот. Секојдневно сме сведоци на ужасите на кои луѓето се способни едни кон други, како и на механизмите на моќта што финансираат и поттикнуваат неизречливо насилство врз луѓето и планетата и во таков контекст, танцот може да изгледа како површен, бескорисен одговор. Тешко е да се замисли што може да направи еден танцов уметник во свет што толку очајно има потреба од радикална промена и исцелување.

А сепак уметноста, како и надежта, е форма на љубов; и покрај сквернавењето, таа тврдоглаво создава; уметноста е раствор што го омекнува вкочанетиот ум и мелем што го лекува. Таа е сад што нѐ држи додека заедно се соочуваме со прашањата на начин поинаков од вестите, поинаков од документарното и образованието, поинаков од

мислењата и социјалните мрежи, поинаков од активизмот и протестите, но не и неспоив со нив.

Преку креативноста, ние акумулираме отпор и надеж преку мали чинови на храброст, љубопитност, добрина и соработка. Во танцот и во создавањето танц, наоѓаме доказ дека човештвото е повеќе од нашите најнови глобални неуспеси што го кршат срцето.

Но танцот не бара оправдување, ниту објаснување. Тој е создаден од нас, но ништо не ни должи. Потребно му е само тело што е подготвено да го прифати. Од таа локација, тој може да го преведе неискажливото, дејствувајќи како посредник меѓу нас и непознатото.

Ние сме допрени од овие исчезнувачки траги на убавина во сегашниот миг; и додека го отелотворуваме и танцот; и неговото исчезнување, се потсетуваме на нашата минливост. Во исто време, ако внимаваме, танцот повремено ни нуди и миговен увид во душата.

**Превод од англиски на македонски јазик:** д-р Иванка Апостолова Баскар (Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА)

**БИОГРАФИЈА**

Канадската кореографка Кристал Пајт е поранешна членка на Балетот на Британска Колумбија и на ансамблот *Балет Франкфурт* на Вилијам Форсајт.

Во кореографска кариера што опфаќа 35 години, Пајт има создадено повеќе од шеесет дела за компании како Кралскиот балет, Холандскиот театар за танц, Париската опера и Балет, и Националниот балет на Канада. Позната е по дела што храбро обработуваат теми како траума, зависност, конфликт, свест и смртност; нејзината смела и оригинална визија ѝ донесе меѓународно признание и инспирираше цела генерација танцови уметници.

Таа е придружен уметник во три институции: Холандскиот театар за танц, *Садлерс Велс* (Лондон) и Националниот центар за уметности на Канада. Носителка е на почесен докторат по ликовни уметности од Универзитетот *Сајмон Фрејзер*, членка е на Орденот на Канада и носителка на одликувањето Офицер на Редот на уметности и книжевноста на Франција.

Во 2002 година го основа *Кид Пивот* во Ванкувер, компанија што се стреми да ги дестилира и преведе универзалните прашања во уметнички дела што нѐ поврзуваат со суштинските аспекти на човечноста; светски позната по радикалните хибриди на танц и театар, *Кид Пивот* меѓународно гостува со високо ценети дела како *Betroffenheit, Revisor* и *Assembly Hall* (ко-креирани со Џонатан Јанг), *The Tempest Replica, Dark Matters, Lost Action* и *The You Show.*

Меѓу бројните признанија на Пајт се и Наградата за изведувачки уметности на Генералниот гувернер на Канада (2022), Наградата за танц *Jacob's Pillow* (2011) и Наградата *Jacqueline Lemieux* на Канадскиот совет (2012). Во 2017 година ја добива наградата *Benois de la Danse* за делото *The Seasons' Canon* во Париската опера и балет, а во

2018 година и Големата награда за танц на Монтреал. Добитничка е и на пет награди *Сер Лоренс Оливие* за креации со *Кид Пивот* и Кралскиот балет.